**Известување за концентрација со која РавагоХемикалс С.А. Луксембург ќе стекнат контрола над Индукерн С.А. Шпанија**
**(предмет бр. 08-37/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 10.03.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на контрола од страна на Раваго Хемикалс С.А. (Ravago Chemicals S.A.), со регистрирано седиште на 76-78, Руе де Мерл, Л 2146 Луксембург (Луксембург), над Индукерн С.А.(Indukern, S.A.), со регистрирано седиште на Кале Алта Рибагорза 6-8, Сектор Мас БлауII, 08820 Прат де Лобрегат, Барселона (Шпанија).

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Раваго Хемикалс С.А.** е дистрибутер на хемиски материјали и специјални додатоци и зависно друштво во целосна сопственост на Раваго С.А. (Ravago S.A.), со регистрирано седиште на 76-78, Руе де Мерл, Л 2146 Луксембург (Луксембург). Раваго С.А. заедно со своите зависни друштва ја сочинува Раваго Групата на друштва. Раваго Групата е производител и дистрибутер на полимери, гуми и останати хемикалии.

Во Северна Македонија, Раваго Групата е присутна преку своите локални зависни друштва:

- УЛТРАПОЛУМЕРС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Јане Сандански бр. 22-1/3, Аеродром, Скопје;
- РАВАГО ХЕМИКАЛС МАКЕДОНИЈА, со регистрирано седиште на Перо Наков бр. 144, Гази Баба, Скопје, и
- РЕСИНЕКС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Перо Наков бр. 144, Гази Баба, Скопје
  Наведените друштва се ангажирани со дистрибуција на различни видови на пластика и хемиски производи.

**Индукерн С.А.** е активен со дистрибуција на специјални хемикалии на глобално ниво, со фокус на Шпанија и Јужна Америка. Нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија.

Подносителот на известувањето наведува дека како релевантен пазар на стоки за предметната концентрација би можеле да се дефинира *пазарот на дистрибуција на хемикалии.*

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.03.2021 година
Скопје